# ПРИРАЧНИК

## ЗА АДВОКАТИ, АДВОКАТСКИ ПРИПРАВНИЦИ И ПРАКТИКАНТИ



# ПРИРАЧНИК
## ЗА АДВОКАТИ, АДВОКАТСКИ ПРИПРАВНИЦИ И ПРАКТИКАНТИ



*Издавач:*
Македонско здружение на млади правници (МЗМП)

*Автори/ки:*
Александра Цветановска, претседателка на МЗМП
Адвокатско друштво ИНТЕР ПАРТЕС Скопје, преку адвокатка Ана Дангова Хуг
Гордана Митевска, адвокатка

*Уредничка:*
Ана Дангова Хуг

*Ликовно-графичко обликување:*
АДД-ВЕРТА ЛТД Доо Скопје

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

347.96-051(07)

ЦВЕТАНОВСКА, Александра
Прирачник за адвокати, адвокатски приправници и практиканти [Електронски извор] / [автори/ки Александра Цветановска, Ана Дангова Хуг, Гордана Митевска]. - Скопје : Македонско здружение на млади правници, 2021. - 24 стр. ; 27 см - Текст во PDF формат, содржи [21] стр. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден 22.11.2021. - Фусноти кон текстот. - Содржи и: Анекс

ISBN 978-608-4843-54-2

1. Дангова Хуг, Ана [автор] 2. Митевска, Гордана [автор]
а) Правни науки -- Адвокати -- Адвокатски приправници -- Практиканти --Прирачници

COBISS.MK-ID 55497733

MYLA

Kingdom of the Netherlands

*Прирачникот е подготвен во рамки на проектот "Зајакнување на професионализмот, компетентноста и интегритетот на младите правници", поддржан од Амбасадата на Кралството Холандија во Скопје, Република Северна Македонија. Содржината на прирачникот е единствена одговорност на авторите и Македонското здружение на млади правници и на никаков начин не може да се смета дека ги изразува гледиштата на Амбасадата на Кралството Холандија.*

# СОДРЖИНА


**ДЕФИНИЦИЈА НА ТЕРМИНИ** 4

**1. ВОВЕД** 5

**2. ЗА КОГО Е НАМЕНЕТ ПРИРАЧНИКОТ И КАКО ДА СЕ КОРИСТИ** 7

**3. АДВОКАТСКИ ПРИПРАВНИЦИ И ПРИКАТИКАНТИ** 8

3.1. Адвокатски приправници 8
3.2. Практиканти 9
3.3. Оглас и избор на адвокатски приправници и практиканти 9
3.4. Права и обврски 10

**4. ЕТИКА И СТАНДАРДИ НА ОДНЕСУВАЊЕ НА АДВОКАТИ И АДВОКАТСКИ ПРИРАВНИЦИ/ПРАКТИКАНТИ** 13

4.1. Етика 14
4.2. Интегритет 15
4.3. Стручност и квалитет на услугата 16
4.4. Искреност 18
4.5. Познавање на јазик 19
4.6. Познавање на информатичка технологија 20
4.7. Доверливи информации 21
4.8. Судир на интереси 23
4.9. Надоместоци 24

**5. ДИСКРИМИНАЦИЈА, ВОЗНЕМИРУВАЊЕ НА РАБОТНО МЕСТО И ДРУГИ НЕДОЗВОЛИВИ ПРАКТИКИ** 25

5.1. Забрана на дискриминација 25
5.2. Забрана за вознемирување на работното место 25

**6. ЖАЛБЕНИ МЕХАНИЗМИ** 26

**Анекс 1:**
**ШТО МОЖАМ ДА ОЧЕКУВАМ ПРИ РАБОТА СО АДВОКАТ КАКО ПРЕТПОСТАВЕН** 27

**Анекс 2:**
**ИЗЈАВА ЗА ИЗБЕГНУВАЊЕ НА СУДИР НА ИНТЕРЕСИ** 29

**Анекс 3:**
**ИЗЈАВА ЗА ДОВЕРЛИВОСТ И ЗАШТИТА НА СТРОГО ДОВЕРЛИВИ ПОДАТОЦИ** 30

# ДЕФИНИЦИЈА
## НА ТЕРМИНИ



Термините се дефинирани во контекст на примената на овој прирачник.

***“Адвокатски приправник”***
е дипломиран правник кој има завршено четиригодишно високо образование на правни студии VII/1, како и лицата кои студирале правни студии според Болоњската декларација и имаат 300 кредити според европскиот кредит - трансфер систем (ЕКТС) пријавен во Адвокатска комора на Република Северна Македонија (АКРСМ) во Именикот на адвокатски приправници, со цел стручно оспособување заради стекнување услови за полагање на правосуден испит и самостојна примена на прописите во практиката и вршење на правни работи.

***“Практикант”***
е дипломиран правник со стекнати 180 кредити според ЕКТС кој врши практикантска работа кај работодавач со цел да се стекне со практични правни знаења и вештини.

***“Ментор”***
е лице назначено од работодавецот, задолжено за помош и поддршка на приправникот/практикантот при стекнувањето со практични правни знаења и вештини. Менторот го следи напредокот на приправникот/практикантот и е задолжен за остварување на целите за учење за време на приправничката/практикантската работа.

***“Работодавач”***
е адвокат поединец или адвокатско друштво кое вработува адвокати, адвокатски стручни соработници, правници и ангажира приправници/практиканти врз основа на договор за вработување и договор за извршување на практикански/приправнички стаж.

***“Адвокат”*** е адвокат поединец или адвокатско друштво.
Употребата на термините “приправник”, “практикант” и “ментор” истовремено се однесуваат за лица од машки и женски род. Доколку текстот се однесува за “приправник” и “практикант” ќе се употребува кованицата “приправник/практикант”.



# ВОВЕД

***Адвокатите поединци и адвокатските друштва тековно ангажираат адвокатски приправници и практиканти.***

**_Адвокатски приправници_** се ангажираат од адвокат за да ги усовршат правните вештини и се стекнат со пракса, чиј процес се крунисува со полагање на правосуден испит. Адвокатските приправници ја продолжуваат својата кариера како адвокати во иста или друга адвокатска канцеларија, или пак избираат друга професија.

**_Практиканти_** се обично помлади лица кои имаат завршено тригодишно образование. Преку приправничкиот стаж практикантите стекнуваат одредено работно искуство кое често е патоказ за тоа во која област сакаат да се специјализираат, или пак каква професија би сакале да имаат.

Адвокатите се тука да ги поддржат и поттикнат адвокатските приправници и практиканти преку делегирање на полесни или посложени работни задолженија со цел овие лица да го "опипаат" адвокатскиот занает. Некои адвокати назначуваат ментор кој се грижи за оспособувањето и усовршувањето на приправниците/практикантите преку претходно обмислена програма. Други адвокати работат со приправници/практиканти тековно, т.е. без претходно обмислен план и програма, и задолженијата се даваат во зависност од динамиката на работа на адвокатската канцеларија.

Правната рамка за правата и одговорностите на приправници/практиканти може да се смести помеѓу Законот за адвокатурата, Кодексот на професионалната етика на адвокатите, адвокатските стручни соработници, и адвокатските приправници на АКРСМ ("Кодекс"), Законот за практиканство и Законот за работните односи.

Законот за адвокатурата предвидува дека адвокат може да вработува адвокатски приправници и работници за вршење административни и помошни работи,[1] додека дел VII од Кодексот содржи одредби за односот на адвокатот кон адвокатските приправници и обратно. Законот за адвокатурата и Кодексот не содржат одредби за приправници во адвокатски канцеларии.

Законот за практикантство, генерално, ја уредува постапката и условите за остварување на практикантство, правата и обврските на практикантот и на работодавачот, договорот за практикантска работа и евиденцијата на практикантска работа. Законот го регулира практиканството кај различни работодавачи, вклучувајќи и кај адвокати.

До сега, не е објавена публикација во Република Северна Македонија (РСМ) која на сублимиран и практичен начин ја срочува на едно место правната рамка за адвокатски приправници и практиканти. Исто така, нема текст кој подетално ги обработува стандардите на однесување на оваа група према адвокати, и обратно на адвокати према адвокатски приправници/практиканти. Поради тоа цениме дека се наметна потреба преку ваков прирачник структурирано да се претстави ангажманот на приправниците/практикантите кај адвокати од моментот на објавување на оглас па се до завршеток на нивниот ангажман. Прирачникот го објаснува професионалниот однос на приправниците/практикантите со адвокатот, особено задржувајќи се на стандардите на однесување и етичките принципи од кои ќе се водат сите страни при градење на нивниот однос.



[1] Закон за адвокатурата ("Службен весник на РСМ" бр.59/2002 од 23.07.2002 година со измени и дополнувања), член 7.

# ЗА КОГО Е НАМЕНЕТ ПРИРАЧНИКОТ И КАКО ДА СЕ КОРИСТИ

Целна група на овој Прирачник се ***адвокати, лица вработени во адвокатска канцеларија и адвокатски приправници и практиканти.***

Овој Прирачник е поделен во неколку дела

***Дел 3:*** Ги дефинира адвокатските приправници и практиканти

***Дел 4:*** Се фокусира на етика и стандарди на однесување на адвокати и адвокатски приправници/практиканти

***Дел 5:*** Ги објаснува забраните на дискриминација, вознемирување на работното место и други недозволени практики

***Дел 6:*** Ги упатува засегнатите страни на жалбени механизми во рамки на АКРСМ

Прирачникот содржи три Анекси. Анекс 1 е резиме на она што адвокатскиот приправник/практикант може да очекува во адвокатска канцаларија. Анекс 2 содржи Изјава за избегнување на судир на интереси. Анекс 3 содржи Изјава за заштита на доверливи информации.

Прирачникот нема амбиција да понуди детална анализа за работата на адвокатските приправници/практиканти, туку на еден лесно читлив и практичен начин да ја долови работата на оваа целна група, особено задржувајќи се на етиката и стандардите на однесување.

При изработка на овој Прирачник користен е методот на канцелариско истражување. Користени се повеќе Кодекси на однесување како инспирација на стандардите на однесување и етички принципи на овој прирачник, вклучувајќи ги ***Правила на однесување на адвокати на Австралиската адвокатска комора, Модел правила на професионалано однесување на Американската адвокатака комора, Кодекс на професионалано однесување на Канадската адвокатската комора и Кодекс на професионална етика на адвокати на Адвокатската комора на Србија.***



# 3. АДВОКАТСКИ ПРИПРАВНИЦИ И ПРИКАТИКАНТИ

## 3.1. Адвокатски приправници

Согласно законот секој иден адвокат мора да има приправнички стаж како адвокатски приправник во адвокатска канцеларија. Со овој стаж адвокатскиот приправник стручно се оспособува за самостојно вршење на адвокатската дејност. Во тој период, адвокатскиот приправник работите на правната помош и јавни овластувања ги врши според упатствата на адвокатот. По завршување на адвокатскиот стаж, адвокатскиот приправник се стекнува со право да полага правосуден испит согласно Законот за правосудниот испит.[2] При тоа адвокатскиот приправник може да го обавува приправничкиот стаж и без засновање на работен однос кај адвокат.[3]

Адвокатскиот приправник мора да исполнува одредени услови за да биде ангажиран во адвокатска канцеларија. Лицето мора да е државјанин на РСМ, како минимум да биде дипломиран правник во РСМ со завршено четиригодишно високо образование на правни студии, стекнати 300 кредити според ЕКТС, или нострифицирана диплома од правен факултет од странство. Исто така, потребно е лицето да не е кривично осудувано и да не е во работен однос.



[2] Закон за адвокатурата ("Службен весник на РСМ" бр.59/2002 од 23.07.2002 година со измени и дополнувања), член 26.
[3] Закон за адвокатурата ("Службен весник" на РСМ бр.59/2002 од 23.07.2002 година со измени и дополнувања), член 27.

## 3.2. Практиканти

Практиканството претставува работна активност којашто вклучува компонента на работа преку учење и здобивање на практични работни вештини. Тоа се реализира во ограничен временски период, со цел стекнување на практично и професионално искуство, за да се помогне преминот кон редовно вработување.

***Практикант може да биде лице не постаро од 34 години, дипломиран правник со стекнати 180 кредити според ЕКТС, државјанин на РСМ кој не е во работен однос.***

## 3.3. Оглас и избор на адвокатски приправници и практиканти

Најчесто адвокатите ја искажуваат својата потреба од ангажирање на адвокатски приправници/практиканти преку јавен оглас даден на својата веб страница, или други веб страници (пример на АКРСМ). Како и секој оглас, потребно е во истиот да се наведени условите и начинот на аплицирање. Огласот може да содржи и посебни услови кои се бараат да ги поседува кандидатот како познавање на странски јазик, поседување на вештини од информатичка технологија, поседување на возачка дозвола и друго.

При избор на практиканти/приправници, адвокатот има право да спроведе тестирање за утврдување на нивото на знаење на кандидатите преку давање на конкретни прашања, анализа на случај, превод на текст од англиски на македонски јазик и обратно. Адвокатот спроведува интервју со кандидатите кои ја поминале првата фаза на проверка.
Потоа адвокатот прави избор на адвокатскиот приправник/практикант, при тоа почитувајќи ги принципите на еднаквост и недискриминација. Потребно е останатите кандидати да бидат известени по е-пошта дека не биле избрани.
Пред склучување на договор практикантот/приправникот има право да добие информации за целите, задачите и процесот на работа за да направи проценка дали конкретното место ќе придонесе кон зајакнување на практичните правни вештини и професионален развој.

# 3.4. Права и обврски

Адвокатот склучува договор за приправнички стаж со адвокатскиот приправник, додека со практикантот се склучува договор за практикантство, во времетраење до 6 месеци.[4] При тоа договорот за практикантска работа не може да се склучи за вршење на работи и задачи за конкретно постојано работно место, за кое може да се склучи договор за вработување, односно практикантот не може да обавува редовни работни обврски.[5]

Секоја од страните е должна да ги исполнува пропишаните и договорените права, обврски и одговорности. Правата, обврските и одговорностите започнуваат да се остваруваат со денот на започнување на праксата на приправникот/практикантот. Подолу во табела се прикажани најосновните права и обврски на адвокатот односно менторот и на адвокатскиот приправник/практикант.

## Адвокат - ментор

### Права

Ги определува условите за работа на приправникот/практикантот.

Одлучува дали на приправникот/практикантот ќе му го прекине практиканството/приправничкиот стаж и пред истекот на периодот определен во договорот, доколку настанат околности за тоа.

Доделува конкретни задолженија на практикантот за потребите на тековното работење на адвокатската канцеларија.

### Обврски

Го пријавува приправникот во АКРСМ за да се запише во Именикот на адвокатски приправници и му издава потврда за стекнати знаења, вештини и компетенции.

Обезбедува месечен надомест за спроведување на приправнички стаж/ практикантска работа и ги надоместува трошоците за службени патувања, како и трошоците кои настанале за потребите на работното место.

Обезбедува:
- безбедни услови за работа во согласност со посебните прописи за заштита при работа;
- заштита на личните податоци на практикантот/приправникот и заштита на личноста, достоинството и приватноста;
- соодветни услови за вршење на практична работа/приправнички стаж (место за работа, работен материјал и други неопходни услови).

[2] Закон за практикантство ("Службен весник на РСМ" бр. 98/2019 од 21.05.2019 година), член 6 став 1.

[3] Закон за практикантство ("Службен весник на РСМ" бр. 98/2019 од 21.05.2019 година), член 12 став 5.

## Права

Врз основа на дадено овластување од странката, согласно законот, му пренесува овластување на приправникот за постапување во конкретен предмет.
Кога се створени услови за тоа, го повикува приправникот/практикантот да присуствува во судница како јавност.

Во текот на работниот ангажман на приправникот/практикантот спроведува проверка на знаење преку работа на конкретен или хипотетички предмет.

## Обврски

Го запознава практикантот/приправникот со условите за работа и куќниот ред во адвокатската канцеларија, интерните акти и дисциплински правила.

Стручно го оспособува адвокатскиот приправник за самостојно вршење на адвокатската дејност и давање на правна помош, согласно дадени упатства.
Му помага на практикантот/приправникот во зајакнување на практични правни вештини.

# Права и обврски на адвокатски приправник и практикант

## Права

Има назначен ментор или непосредно претпоставен раководител кој е одговорен за помош и поддршка на приправникот/практикантот при стекнување на практични правни вештини и знаења, кој го следи напредокот и остварувањето на целите на учење за време на практикантската работа/приправничкиот стаж.

## Обврски

Ги почитува општите и поединечни акти, упатства и одлуки на работодавачот и непосредниот раководител.
Го известува и се консултира со менторот или адвокатот за сите можни предизвици, проблеми и нејаснотии при вршење на работата.
Го известува менторот или адвокатот за штетни последици за кои е запознаен, а можат да настапат за него, за трети лица или за адвокатската канцеларија.

# Права

Платен одмор во траење од два работни дена месечно доколку практикантот/приправникот работи со полно работно време или еден работен ден месечно доколку практикантот/приправникот работи со скратено работно време.

Добива секојдневни работни задачи и насоки, кои ќе му помогнат за зајакнување на практичните правни вештини и знаења и стекнување на релевантно искуство.

Запознаен е со условите за работа и куќниот ред во адвокатската канцеларија, интерните акти и дисциплински правила.

Има соодветно место за работа, работен материјал и други неопходни услови за извршување на работата.

# Обврски

Доколку отсуствува од работа поради болест или други причини поради кои приправникот/практикантот е привремено или трајно спречен за вршење на работата, навремено го известува за своето отсуство менторот или непосредно претпоставениот раководител.

Посветено работи на работни задачи доверени од страна на менторот односно адвокатот.

Ги почитува куќниот ред, интерните и дисциплинските правила на адвокатската канцеларија, работно време и паузи.

Ја надоместува штетата настаната за време на практикантската работа/приправничкиот стаж настаната намерно или поради крајно невнимание, освен доколку претходно не го известил менторот или адвокатот за потенцијалните штетни последици.

# 4. ЕТИКА И СТАНДАРДИ
## НА ОДНЕСУВАЊЕ НА АДВОКАТИ И АДВОКАТСКИ ПРИПРАВНИЦИ/ПРАКТИКАНТИ

***Етиката***
најчесто се дефинира како теорија на моралот. Етиката го испитува изборот, целите, основните критериуми за морално вреднување и оценување на моралните намери и на човечкото постапување.[6] Денес етиката е важен дел од секоја адвокатска канцеларија. Адвокатот се бави со сложени прашања за правда, правичност, вина, одговорност и морал. Оттука се истакнува важноста на однесувањето при што се бара високопрофесионално етичко и морално однесување, како искреност, интегритет, стручност и слично.

***Моралните норми***
за професионално однесување на припадниците на одредени професии, па и на правничката, се запишуваат во посебни етички нормативни акти т.н етички кодекси кои претставуваат збир од вредности, правила и морални норми. Согласно Кодексот на АКРСМ, адвокатот мора да посвети особено внимание да ги упати адвокатските приправници во принципите на адвокатската етика, без што ниту стручната практика, ниту знаењата не би имале соодветна вредност.

Од суштествено значење е да адвокатските приправници и практиканти ја разберат етиката и стандардите на однесување кои се очекува да ги поседуваат во работата со останатите колеги и членови на правната заедница, но исто така и приватно во односите со семејството и пријателите.
Ова особено што практикантите/приправниците се помлади личности, со одредени исклучоци, на почеток на нивната кариера па е потребно да создадат слика на своите врсници и постари колеги дека се желни стручно да се усовршуваат на еден одговорен, пристоен и морален начин.

Овој дел од Прирачникот се фокусира на етиката и стандарди на однесување на адвокатскиот приправник/практикант према адвокатот и адвокатската фела, но и обратно на адвокатот према адвокатскиот приправник/практикант.



[6] Донев, Дејан, Прирачник за етика (Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј, 2020), http://ukim.edu.mk/e-izdanija/FZF/Prirachnik_za_etika.pdf, страна 17.

# 4.1. Етика

## Правило

1. Приправникот/практикантот е обврзан да се однесуваат етично, водејќи се од начелата за почитување на пристојноста, професионалната комуникација и општите морални принципи, вредности и норми.

2. Адвокатот не треба да ја злоупотребува позиција на надреденост према приправникот/практикантот на начин што ќе бара од приправникот/практикантот да извршува работи за лични потреби на адвокатот.

## Коментари

1. Професионално, пристојно, одговорно, совесно и морално однесување е обврска на адвокатот и на сите останати вработени во адвокатската канцеларија.[7]

2. Правничката професионална етика ги опфаќа моралните правила, односно норми за постапување и однесување на припадниците на правничката професија при извршување на нивните професионални должности.

3. Етиката бара да се воспостави коректен однос помеѓу адвокатот и приправникот/практикантот втемелен на доверба и меѓусебно разбирање. Практикантот/приправникот треба да негува фер однос и со други колеги, соработници и со лица со кои доаѓа во контакт во текот на работното време, но и надвор од него.

4. Потребно е адвокатот да посвети внимание на работата со приправниците/практикантите и да цели кон нивно стручно усовршување и издигање.

5. Адвокатот мора да му обезбеди доволно време на адвокатскиот приправник за полагање на правосуден испит.[8]

6. Адвокатот не треба да ја злоупотребува својата положба на надредено лице и да бара од приправникот/практикантот да извршува дејствија за лични потреби на адвокатот (пр. купување на доручек, подигнување на облека и слично).

[7] Академик, "ПРАВНА ЕТИКА: Не зборувајте лошо за вашиот претходник и почитувајте ја странката", 15.03.2016 година, https://akademik.mk/pravna-etika-ne-zboruvajte-losho-za-vashiot-prethodnik-i-pochituvajte-ja-strankata/.

[8] АКРСМ, Кодекс за професионалната етика на адвокатите, адвокатските стручни соработници, и адвокатските приправници на Адвокатската комора на Република Северна Македонија, https://www.mba.org.mk/index.php/mk/akti/kodeks-etika?start=1, Дел VII, став 30.

# 4.2. Интегритет[9]

## Правило

Приправникот/практикантот мора со интегритет да ги исполнува сите обврски што ги има кон адвокатот, судот и другите членови на професионалната заедница и јавноста.

## Коментари

1. Интегритетот е основниот квалитет на секое лице во извршувањето на своите обврски како адвокат, приправник или практикант. Ако недостасува личниот интегритет, корисноста на приправникот/практикантот за адвокатот и неговиот углед ќе бидат уништени без оглед на стручноста и знаењето на приправникот/практикантот.

2. Принципот на интегритет е клучен елемент на секое правило на однесување во Прирачникот.

3. Недолично или сомнително однесување на приправникот/практикантот во приватниот живот или во праксата ќе се одрази негативно врз приправникот/практикантот, но и врз адвокатот, интегритетот на адвокатската професија и спроведувањето на правдата како целина. Приправникот/практикантот треба да се однесува соодветно и достоинствено надвор од канцеларијата, на јавни настани, на социјалните мрежи или при било каков друг облик на комуникација.[10]

4. Примери на однесување на приправникот/практикантот со кои може да се прекрши правилото (и честопати другите одредби на овој Прирачник) вклучуваат:

(а) правосилна осуда за кривично дело кое се одразува на интегритетот на приправникот/практикантот;

(б) извршување на дејствие на измама, на пример поднесување на лажна даночна пријава или фалсификување исправа, без оглед дали приправникот/практикантот се гони за тоа или не;

(в) прикривање на факти од адвокатот или клиентот, со нечесен или несоодветен мотив;

(г) искористување на младост, недостаток на искуство, недостаток на образование, лошо здравје или невообичаени навики на клиентот со цел стекнување на корист или нанесување на штета на трето лице;

(ѓ) примање пари или друг имот од или во име на клиентот за одредена намена, без согласност на клиентот;

(е) свесно помагање, овозможување или дозволување на трето лице да дејствува измамнички, нечесно или незаконски.

[9] Овој дел е адаптиран од Канадска адвокатска комора, Кодекс на професионално однесување, 2009 година, стр.1-3.
[10] Прилагодено од Кодекс за административни службеници ("Службен весник на РСМ" бр. 183/14 од 12.12.2014 година).

# 4.3. Стручност и квалитет на услугата[11]

## Правило

1. Приправникот/практикантот има должност кон адвокатот компетентно и стручно да ги извршува сите обврски што му се доверени од адвокатот.

2. Приправникот/практикантот треба да работи за адвокатот на совесен, внимателен и ефикасен начин за да обезбеди квалитет на услуга кој е еднаков на оној што генерално би се очекувал од стручен приправник/практикант во слична ситуација.

3. Адвокатот има должност детално да му објасни на приправникот/практикантот кои му се работни задолженија, да го насочи која литература да ја користи или кои случаи да ги разгледа, се со цел да створи предуслови за да може приправникот/практикантот стручно и квалитетно да ги извршува обврските.

## Коментари

1. Компетентноста во контекст на првиот дел од ова правило ги надминува формалните квалификации за практикување право. Тоа вклучува знаење, вештина и способност за нивно ефикасно користење во интерес на адвокатот. Целта на правното образование е изучување на правни вештини, развивање на чувство за етички вредности и заштита на човековите слободи и права, извршување на работа во корист на адвокатот и клиентот и пружање на поддршка во остварувањето на законито и делотворно правосудство.[12]

2. Приправникот/практикантот не треба да зема работа без да поседува искрено чувство дека може да ја изврши под надзор на адвокатот.

3. Компетентноста вклучува способност за разбирање на правните принципи, минимум основно познавање на практиката и процедурите со кои тие принципи можат ефикасно да се применат. За да се постигне ова, приправникот/практикантот треба да биде во тек со случувањата во сите области во кои практикува право.

4. При проценка дали приправникот/практикантот го искористил потребниот степен на знаење и вештини во одреден премет, во предвид ќе бидат земени релевантни фактори како што се сложеноста на предметот, претходна обука и искуство на приправникот/практикантот во предметната област, и подготовката и истражувањето што приправникот/практикантот може да го направи во однос на случајот.

[11] Овој дел е адаптиран од Канадска адвокатска комора, Кодекс на професионално однесување, 2009 година, стр. 5-10 и Американска адвокатска комора, Модел правила на професионално однесување, 2018, стр.36-38.
[12] Адаптирано од Адвокатска комора на Србија, Кодекс на професионална етика на адвокати ("Службен весник" бр.27/2012 и 159/2020).

5. Приправникот/практикантот мора да биде претпазлив и да препознае недостаток на компетентност за одредена задача. Во такви околности приправникот/практикантот треба да се консултира со адвокатот. Приправникот/практикантот може да земе предмет во работа и кога потребното ниво на компетентност може да се постигне со разумна подготовка, во спротивно предметот треба да го врати на адвокатот.

6. Приправникот/практикантот мора навремено да ги извршува задачите дадени од адвокатот, посветувајќи внимание и почитувајќи ги нивниот приоритет и редослед.[13]

7. Може да се дадат бројни примери на однесување кои не ги задоволуваат барањата за соодветен квалитетот. Набројувањата подолу се илустративни:

(а) приправникот/практикантот разумно не го информира адвокатот за текот на предметот;

(б) приправникот/практикантот разумно не одговара на барањата од адвокатот за добивање на информации;

(в) приправникот/практикантот не ги објаснува причините зошто не се јавува на телефонските повици на адвокатот;

(г) приправникот/практикантот не се состанал со адвокатот и за истото не дал објаснување или извинување;

(ѓ) приправникот/практикантот не одговара во разумен рок на комуникација која бара одговор;

(е) неуредно вршење на работа, како што се грешки или пропусти во изјави или документи;

(ж) криење на информации од адвокатот или лажење на адвокатот во врска со предметот со цел да се прикријат грешки;

(з) неуспех да се даде брз и целосен писмен или устен извештај кога работата е завршена или, ако конечниот извештај не може да се направи, неуспех да се направи привремен извештај што разумно може да се очекува;

(ѕ) неспособност за извршување на работа поради употреба на опојни droги или лекови, што ја попречува работата према адвокатот.

8. Барањето за совесна, мерлива и ефикасна услуга значи дека адвокатот мора да вложи максимални напори за да обезбеди услуга на клиентот извршена во разумно време. Ако приправникот/практикантот разумно може да предвиди непотребно одложување во давањето совети или услуги, адвокатот треба да биде соодветно информиран.

9. Природно е приправникот/практикантот да биде помотивиран стручно да пристапи кон зададената задача, ако почувствува дека адвокатот вложува во неговите способности на начин што посветува соодветно време за обука и разговор. Оттаму, суштествено е адвокатот да посвети дел од своето време на приправникот/практикантот и да објасни колку многу е значајно да секое лице дава напор стручно и квалитетно да се завршат работните обврски.

[13] Прилагодено од Кодекс за административни службеници ("Службен весник на РСМ" бр.183/14 од 12.12.2014 година).

# 4.4. Искреност

## Правило

1. Приправникот/практикантот има должност да постапува искрено во односот со адвокатот, останатите вработени во канцеларијата, клиентите како и во односите со државните органи.

2. Приправникот/практикантот мора да биде искрен и отворен и мора да го извести адвокатот за сите информации што му се познати и коишто можат да влијаат врз интересите на клиентот во врска со предметот.

3. Адвокатот треба да биде искрен кон приправникот/практикантот, особено во однос на неговата проценка за тоа дали приправникот/практикантот стручно ја извршува работата.

## Коментари

1. Порано или подоцна на виделина излегуваат лагите и истите може засекогаш да остават црна дамка во кариерата на една личност, особено сега во дигиталниот свет. Оттаму потребно е секогаш приправникот/практикантот искрено да се однесува во сите односи и да се води од вистината. Претпоставениот секогаш ќе цени искрен одговор дека приправникот/практикантот не може да ја заврши работата поради незнаење, или немање на време, од здравствени или други причини, отколку со лага да се достави поднесок или изврши дејствие.

2. Приправникот/практикантот треба искрено да постапува во прибирање на извори на информации од онлајн или печатени публикации и да не ги претставува како свои, туку секогаш во фусноти да се прикаже изворот од каде ја добил одредена информација.

3. Приправникот/практикантот треба да му ги открие на клиентот сите информации поврзани со предметот, доколку ги има, кои можат да имаат влијание врз односот на адвокатот со неговиот клиент.

4. Потребно е адвокатот искрено да комуницира со приправникот/практикантот, и кога проценува дека приправникот/практикантот не ја извршил стручно зададената задача, треба тоа да го искомуницира со практикантот/практикантот. На тој начин адвокатот преку личен пример покажува колку е важна искреноста во адвокатската канцеларија со цел создавање коректен и транспарентен однос помеѓу сите лица.

# 4.5. Познавање на јазик

## Правило

1. Приправникот/практикантот треба течно да го говори македонскиот јазик, и да развива умешност мислата и правната аргументација да ги срочи писмено на јасен македонски јазик.

2. Потребно е приправникот/практикантот да има солидно познавање барем на еден странски јазик. Најчесто се бараат англиски, француски и/или германски јазик.

## Коментари

1. Во време на глобализација кога повеќе од сигурно е да адвокатот има клиенти од странство, од суштествено значење е да приправникот/практикантот сериозно ја сфати потребата од познавање барем на англискиот јазик, како говорно така и писмено.

2. Потребно е приправникот/практикантот постојано да се труди да го усовршува познавањето на странки јазик/ци на начин што ќе консултира странска литература и ќе се труди да посетува семинари во странство или онлајн.

# 4.6. Познавање на информатичка технологија

## Правило

Приправникот/практикантот треба да има солидно познавање на работа со компјутерски програми за канцелариско работење Microsoft (Word, Excel), умешно да користи онлајн платформи за комуникација (Teams, Zoom) со цел да ги извршува работните обврски во адвокатска канцеларија.

## Коментари

1. Од печатни грешки се забележува професионалноста во професијата. Недозволиво е еден поднесок да има повеќе правописни грешки, да користи непотребно различен фонд, или да има непотребен проред. Ова се неколку начини за да се избегнат правописни грешки:

- Користете ја функцијата покажи/прикри (или притиснете Ctrl+Shift+8). Со помош на оваа функција ќе може да утврдите вишок на프ореди, непотребни интерпункциски знаци, различни стилови итн.
- Зголемете го екранот кога пишувате.
- Пробајте да пишувате пократки реченици.
- Доколку се двоумите за употребата на одреден збор или граматичка конструкција, консултирајте речник.
- Препрочитајте го секој поднесок неколку пати пред да го доставите.
- Инспирирајте се и учете од поднесоци на колеги, како и судски одлуки на домашни и странски судови за да видите како поискусни колеги ја доловуваат правната мисла и аргументација.

2. Ковид 19 пандемијата укажа на потребата од користење на онлајн платформи за комуникација. При тоа потребно е приправникот/практикантот да е свесен за правилното користење на камера и микрофон. Сите овие детали влијаат врз сликата која што ја создава практикантот/приправникот за себе при комуницирање со адвокат, други вработени или клиенти.

# 4.7. Доверливи информации[14]

## Правило

1. Приправникот/практикантот има должност да ги чува во строга доверба сите информации што се однесуваат на бизнисот и работите на адвокатот стекнати во текот на професионалниот однос, и нема право да објавува и да открива такви информации, освен ако е експлицитно овластен од адвокатот, ако тоа го бара законот или правилата на адвокатурата.

2. Кога приправникот/практикантот верува врз основа на разумна оценка дека постои непосреден ризик за определено лице или група за смрт или сериозна телесна повреда, вклучувајќи сериозна психолошка штета што би можела суштински да се поврзе со здравјето или благосостојбата, приправникот/практикантот ќе открие доверливи информации со цел да се спречи смрт или повреда, но не смее да открива повеќе информации отколку што се бараат.

3. Приправникот/практикантот кој има разумни основи да верува дека постои можност да се развие опасна ситуација во судската зграда, ќе го извести лицето кое е одговорно за безбедноста на објектот и ќе даде детали, внимавајќи да не открие доверливи информации, освен ако тоа го бара став 2 од ова правило.

4. Адвокатот е должен да му ја објасни на приправникот/практикантот важноста за зачувување на доверливите информации, и да укаже како да се постапува во еден предмет за да се спречи откривање на доверливи информации на трети лица.

## Коментари

1. Приправникот/практикантот не може да ги изврши работните задачи за адвокатот ако не постои целосна и безрезервна комуникација меѓу нив.

2. Ова правило мора да се разликува од доказното правило за привилегијата адвокат - клиент во однос на усната или писмената комуникација што се пренесува помеѓу клиентот и адвокатот.

3. Приправникот/практикантот не смее да открива доверливи информации кои се добиени или се однесуваат од адвокатот или на клиенти. Правилото е пошироко и се применува без оглед на природата или изворот на информацијата или на фактот дека другите можат да ја споделат информацијата.

4. Приправникот/практикантот е должен да го почитува начелото на доверливост

[14] Овој дел е адаптиран од Канадска адвокатска комора, Кодекс на професионално однесување, 2009 година, стр. 17-24 и Американска адвокатска комора, Модел правила на професионално однесување, 2018, стр.49-56.

кон адвокатот без исклучок, без оглед дали станува збор за адвокат со кој има долгорочен или краткорочен ангажман.

5. Должноста за почитување на начелото на доверливост продолжува да го обврзува приправникот/практикантот на неодредено време дури и откако приправникот/практикантот престанал да работи за адвокатот и без разлика дали се појавиле спорови меѓу нив.

6. Приправникот/практикантот треба да избегнува индискретни разговори и озборувања, дури и ако адвокатот не е именуван или на друг начин идентификуван. Исто така, приправникот/практикантот не треба да шири озборувања или информации за бизнисот или работите/предметите на адвокатот кои ги слушнал или му биле прераскажани.

7. Приправникот/практикантот треба да се воздржи од учество или коментирање на шпекулации во врска со предметите или бизнисот на адвокатот.

8. Адвокатот треба да му објасни на приправникот/практикант како се чуваат предметите, каде се чуваат, како се архивираат, и да укаже дека по завршување со работа на еден предмет тој треба да се врати на свое место.

***Откривање врз основа на овластување од страна на клиентот***

9. Доверливи информации може да се откријат врз основа на изречно овластување од клиентот, а сево ова за да професионално се работи на предметот. Потоа, приправникот/практикантот може (освен ако адвокатот не упати поинаку) да ги сподели доверливите информации со соработниците во канцеларијата и, доколку е потребно, со останатиот персонал.

10. Доверливиот однос помеѓу адвокатот и приправникот/практикантот му забранува на приправникот/практикантот да користи доверливи информации на штета на клиентот. Приправникот/практикантот кој се занимава со литературна дејност, треба да избегне неовластено откривање на информации.

## ***Откривање кога тоа го бара законот***

11. Кога откривањето го бара законот или истото се бара по наредба на надлежен суд, приправникот/практикантот треба да внимава да не открие повеќе отколку што се бара.

# 4.8. Судир на интереси

## Правило

Приправникот/практикантот има должност кон адвокатот веднаш да го извести доколку се соочи со ситуација каде што има судир на интереси (спрема колегите во адвокатската канцеларија и/или спрема клиентите на адвокатот).

## Коментари

1. Судир на интереси постои кога приватниот интерес е во спротивност со интересот на адвокатската канцеларија или клиентите и може да влијае врз непристрасноста при вршење на работите.

2. Правилото со кое се регулира судирот на интереси се темели на принципите на доверба, лојалност и непристрасно расудување.

3. Доколку при својата работа приправникот/практикантот дојде во контакт со клиент со кој истиот е во сродство или врска, треба веднаш да го извести адвокатот. Ова од причина што може да се коси со должноста на приправникот да обезбеди објективен и непристрасен пристап при работење со конкретниот предмет.

4. Приправникот/практикантот во периодот на спроведување на приправничка/практикантска работа во една адвокатска канцеларија, не смее истовремено да спроведува ваква работа, да волонтира или работи во друга адвокатска канцеларија, правно биро, суд, нотар или извршител.

5. Приправникот/практикантот кој врз разумна основа верува дека интересите на клиентот може да бидат во спротивност со професионалните или личните интереси на адвокатат, или обратно мора веднаш да го извести адвокатот.

6. Приправникот/практикантот не смее да прима никакви подароци и награди. За секоја понуда за подарок и награда мора да го извести адвокатот.

# 4.9. Надоместоци[15]

## Правило

Приправникот/практикантот нема право да присвојува средства на адвокатот што се чуваат во доверба или на друг начин се под контрола на адвокатот или на сметка за надоместоци без изречно овластување од страна на адвокатот.

## Коментари

1. Приправникот/практикантот не смее да земе никаква, награда, трошоци, провизија, камата, попуст, поддршка или друг надомест поврзан со професионалниот ангажман од клиент без знаење и согласност на адвокатот.

2. Кога адвокатските трошоци ги плаќа трето лице на име на клиентот, ќе биде потребна согласност од тоа трето лице.

3. Адвокатот е должен да ги покрие трошоците на приправникот/практикантот за службени патувања, како и да ги рефундира сите трошоци (копирање, заверка и слично) кои што приправникот/практикантот евентуално ги направил за потребите на одреден предмет.

[15] Овој дел е адаптиран од Канадската адвокатска комора, Кодекс на професионално однесување, 2009 година, стр.79-83.

# 5. ДИСКРИМИНАЦИЈА, ВОЗНЕМИРУВАЊЕ НА РАБОТНО МЕСТО И ДРУГИ НЕДОЗВОЛИВИ ПРАКТИКИ

## 5.1. Забрана на дискриминација

Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други.[16]

Практикантот/приправникот не смее да биде ставен во неповолна положба од адвокатот или другите вработени во адвокатската канцеларија по основ на раса, боја на кожа, потекло национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа.[17]

Практикантите/приправниците е потребно да имаат еднакви услови во пристап до вработување, вклучувајќи унапредување и стручна и професионална обука во работата, услови за работа, еднаква исплата за еднаква работа, отсуство од работа, работно време и др.

## 5.2. Забрана за вознемирување на работното место

Забранет е кој било вид на вознемирување на работно место, како и злоупотреба на правата на вознемирување на работно место.

Практикантот/приправникот не смее да биде психички вознемируван на работното место од поединец или група. Ако вознемирувањето се повторува континуирано и систематски истото претставува повреда на достоинството, интегритетот, угледот и честа и предизвикува чувство на страв или создава непријатност, пониженост.

Практикантот/приправникот не смее да биде полово вознемируван на работното место со вербално, невербално или физичко однесување од полов карактер, кое има за цел или претставува повреда на достоинството на практикантот/приправникот, а кое предизвикува чувство на страв или создава непријатност, пониженост.

[16] Закон за спречување и заштита од дискриминација ("Службен весник на РСМ" бр. 258/2020 од 30.10.2020 година), член 6.
[17] Закон за спречување и заштита од дискриминација ("Службен весник на РСМ" бр. 258/2020 од 30.10.2020 година), член 5.

# 6. ЖАЛБЕНИ МЕХАНИЗМИ

Непридржувањето кон правилата и начелата на Кодексот на АКРСМ претставува повреда на дисциплината санкционирана со посебен акт на Комората.

Со цел да се заштити угледот на адвокатурата, совесно вршење на адвокатската дејност, да се заштитат граѓаните од секакви злоупотреби, да се оствари правната сигурност и владеење на правото уредени се дисциплински повреди и одговорност на адвокати/адвокатски друштва, адвокатски стручни соработници и адвокатски приправници кои се членови на АКРСМ, се уредува надлежноста на органите, постапувањето, повредите, дисциплинските мерки, извршувањето и евиденцијата на дисциплинските мерки.

За повреда на должноста или угледот на адвокатурата сторени од несовесно и ненавремено извршување на работите од страна на адвокатот и адвокатскиот приправник, на адвокатот може да му се изречат дисциплински мерки: јавна опомена, парична казна и привремено престанување на правото на вршење на адвокатска дејност во траење од 3 години.

Начинот и постапката за привремена забрана на вршење на адвокатската дејност се определуваат со акт на АКРСМ.

Против решението за изречена дисциплинска мерка и решението за привремена забрана на вршење на адвокатска дејност може да се изјави жалба во рок од 8 дена од приемот на решението до надлежен орган на АКРСМ. Против конечното решение за изречена дисциплинска мерка може да се поведе управен спор пред Управниот суд на РСМ.

# Анекс 1:

# ШТО МОЖАМ ДА ОЧЕКУВАМ ПРИ РАБОТА СО АДВОКАТ КАКО ПРЕТПОСТАВЕН

• **Врска.** Адвокатот ќе биде врска помеѓу мене и адвокатската канцеларија. Ќе ми биде објаснето во детали кои се моите работни обврски, ќе бидам запознаен со работното време, просторијата и материјалите за работа, кодекс на облекување итн. Можно е да ми биде доделен ментор кој ќе се грижи за моето усовршување и ќе се осигура дека навремено и стручно ги извршувам зададените работни задачи.

• **Улога на адвокатот:** Адвокатот ќе ми ја објасни неговата/нејзина улога и што може како адвокат/ка да направи за мене.

• **Доверливост.** Адвокатот ќе ми објасни што е принцип на доверливост, и како се применува во работата, ќе објасни кои материјали можам да ги користам, ќе објасни дали може да располагам со печатот во адвокатска канцеларија.

• **Етика.** Адвокатот ќе очекува да работите ги извршувам совесно, стручно и со интегритет. За подобро разбирање на стандардите на однесување може да го консултирам овој Прирачник.

• **Обука и пракса.** Адвокатот ќе ми дава стручна поддршка и насоки за време на приправничкиот и практикантскиот стаж. Доколку се создадат услови, ми дозволи да се усовршувам дополнително со посета на семинари и обуки.

• **Разговор со адвокат.** Во секој момент можам да го прашам адвокатот ако нешто не ми е јасно, или пак јас да го дообјаснам она што сум го кажал/а. Можам да го замолам адвокатот да дава појасни инструкции, доколку не го разбирам.

• **Поле на работа.** Очекувано е адвокатот да ми дава работни задолженија од разни области на правото, но можно е да имам повеќе работни задачи од областа на правото во која менторот, односно адвокатот е специјализиран.

•**Дискреција.** Потребно е адвокатскиот приправник/практикант да развие чувство во кој момент да му се обрати на менторот, или адвокатот и да побара средба. Не се препорачува приправникот/практикантот да пробува да комуницира со адвокатот:

- без да чукне на вратата или веднаш почне за зборува уште од врата, додека адвокатот нешто работи;
- додека адвокатот зборува на телефон;
- додека адвокатот е со странка во канцеларија;
- при тоа да разговара гласно, со неформален речник и да го прекинува адвокатот додека тој/таа зборува.

•**Резултати.** Генерално од мене ќе зависи колку ќе напредувам и ќе се усовршувам за време на приправничкиот/практиканскиот стаж. Доколку адвокатот во мене препознае мотивирана личност желна за учење и усовршување, се очекува да и адвокатот/ката вложи повеќе време и енергија во мојот ангажман и усовршување.

# Анекс 2:

# ИЗЈАВА ЗА ИЗБЕГНУВАЊЕ НА СУДИР НА ИНТЕРЕСИ

Јас, долупотпишаниот/потпишаната _____________________________________ од ________________ со живеалиште на _______________ со ЕМБГ _______________ АДВОКАТСКИ ПРППРАВНИК/ПРАКТИКАНТ во _______________, под полна морална, материјална и кривична одговорност изјавувам и потврдувам дека:

За времето за кое ја извршувам праксата во ____________________________ во ______________________, Република Северна Македонија нема да работам во друга адвокатска канцеларија или адвокатско друштво, правно биро, суд, нотар или извршител со цел избегнување на судир на интереси.

_____________________

Место и датум

_____________________

Давател на изјавата



# Анекс 3:

# ИЗЈАВА ЗА ДОВЕРЛИВОСТ И ЗАШТИТА НА СТРОГО ДОВЕРЛИВИ ПОДАТОЦИ

Јас, долупотпишаниот/потпишаната ________________________________________ од _________________ со живеалиште на ________________ со ЕМБГ ________________ АДВОКАТСКИ ПРППРАВНИК/ПРАКТИКАНТ во ______________, под полна морална, материјална и кривична одговорност изјавувам и потврдувам дека:

• Заради извршување на моите работни задачи на горе наведената позиција имам пристап до доверливи и строго доверливи податоци како што се планови и програми за работата, понуди за соработка, лични податоци на вработените, лични податоци на странки, податоци од предмети, лични податоци на волонтери, практиканти и надворешни соработници и други доверливи информации со кои располага адвокатската канцеларија/друштво;

• Известен/а сум и запознаен/на сум дека откривањето на овие податоци претставува повреда на законските одредби за доверливи информации, повреда на лични податоци на горе наведените лица согласно Законот за заштита на лични податоци;

• Известен/а сум и запознаен/а сум дека со откривање на овие податоци на трети лица можам да нанесам штета на адвокатската канцеларија/друштво каде ја извршувам практичната работа и на самите вработени, практиканти, волонтери, надворешни соработници и странки.
Заради заштита на овие податоци кои ќе ми бидат доверени, изјавувам и потврдувам дека ќе ги преземам следните дејствија:

• Ќе ги вложам своите најдобри напори да не оставам на видно место документи кои содржат доверливи или строго доверливи информации;

• На други лица надвор од работните простории каде ја извршувам практичната работа нема да издавам било каков податок од Збирката на лични податоци или било каков друг личен податок кој ми е достапен и кој сум го дознал или ќе го дознаам при работата;

• Нема да изнесувам надвор од канцелариските простори никакви документи без формално овластување;

• Ќе ги вложам своите најдобри напори да не комуницирам за документи од доверлив или строго доверлив карактер со трети лица за кои немам добиено формално овластување да ги комуницирам ваквите податоци.

Запознаен/а сум дека моето дејствување спротивно на оваа Изјава ќе се смета тешка повреда на работниот ред и дисциплина во местото каде што ја извршувам практичната работа и дека ќе бидам лично одговорен/а за надомест на евентуална штета која би настанала од таквото мое дејствување.

Изјавува:

__________________________________



# ПРИРАЧНИК

ЗА АДВОКАТИ,
АДВОКАТСКИ ПРИПРАВНИЦИ
И ПРАКТИКАНТИ

MYLA

MACEDONIAN YOUNG LAWYERS ASSOCIATION

ул. Донбас бр. 14/1-6, 1000 Скопје
телефон: 02/3220-870,
email: contact@myla.org.mk,

web: www.myla.org.mk